Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено: 04.11.2025
Орг.ед.: 09-
Вредност:

УПРК.бр.28/2025

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телегравчиска - претседател на советот, Рамије Цара и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар – судски советник Добрила Бришкоска Арсова, решавајќи по Барање на предлагачот ДПТУ ФАРМА ТРЕЈД увоз-извоз Скопје, за изрекување на времена мерка за одлагање на извршување на решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-30 од 14.07.2022 година до донесување на правосилна одлука по Предлогот за повторување на правосилно завршена постапка по Пресуда на Управниот суд УПРК.бр.10/2022 и УПРК.бр.12/2022 од 06.10.2023 година, потврдена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.63/2024 од 16.05.2025 година, изјавен преку полномошници Борис Ношпал и Тони Менкиноски, адвокати од Адвокатско друштво ”МЕНКИНОСКИ” Скопје, на ден 22.09.2025 година, согласно член 32 од Законот за управните спорови, донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на предлагачот ДПТУ ФАРМА ТРЕЈД увоз-извоз Скопје, за изрекување на времена мерка за одлагање на извршување на решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-30 од 14.07.2022 година до донесување на правосилна одлука по Предлогот за повторување на правосилно завршена постапка по Пресуда на Управниот суд УПРК.бр.10/2022 и УПРК.бр.12/2022 од 06.10.2023 година, потврдена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.63/2024 од 16.05.2025 година, СЕ ОТФРЛА КАКО НЕДОПУШТЕНО.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 27.08.2025 година, до Управниот суд, предлагачот ДПТУ ФАРМА ТРЕЈД увоз-извоз Скопје, преку полномошници Борис Ношпал и Тони Менкиноски, адвокати од Адвокатско друштво ”МЕНКИНОСКИ” Скопје, поднесе Предлог за повторување на правосилно завршена постапка по Пресуда на Управниот суд УПРК.бр.10/2022 и УПРК.бр.12/2022 од 06.10.2023 година, потврдена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.63/2024 од 16.05.2025 година.

Со Предлогот, предлагачот ДПТУ ФАРМА ТРЕЈД увоз-извоз Скопје, преку полномошници Борис Ношпал и Тони Менкиноски, адвокати од Адвокатско друштво ”МЕНКИНОСКИ” Скопје, изјави и Барање за изрекување на времена мерка за одлагање на извршување на решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-30 од 14.07.2022 година до донесување на правосилна одлука по Предлогот за повторување на правосилно завршена постапка по Пресуда на Управниот суд УПРК.бр.10/2022 и УПРК.бр.12/2022 од 06.10.2023 година, потврдена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.63/2024 од 16.05.2025 година. Во барањето наведува дека истото го поднесува поради постоење на тешко поправлива штета, укажувајќи на изречената глоба во износ од 44.359.800,00 денари која претставувала огромен финансиски товар на истиот, поради што присилната наплата би предизвикала сериозни нарушувања во ликвидноста и би ја намалила конкурентската способност на предлагачот. Додека

од кој започнува управниот спор и барањето на судска заштита во управна работа, во Законот за управните спорови предлогот за изрекување времена мерка е строго врзан со моментот на поднесување на тужбата до Управниот суд, додека Барањето за издавање времена мерка треба да ја следи тужбата против конкретниот управен акт, поради што Судот цени дека странката не може да поднесе изолирано барање за издавање времена мерка доколку не поднела и тужба за поведување управен спор, ниту пак такво барање може да поднесе кон вонредно правен лек, како што е во конкрениот случај.

Согласно наведеното, Судот најде дека предметното Барање за ирекување на времена мерка за одлагање на извршување на решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-30 од 14.07.2022 година до донесување на правосилна одлука по Предлогот за повторување на правосилно завршена постапка по Пресуда на Управниот суд УПРК.бр.10/2022 и УПРК.бр.12/2022 од 06.10.2023 година, потврдена со Пресуда на Вишиот управен суд УПРЖ.бр.63/2024 од 16.05.2025 година, е недозволено.

Решено во Управен суд на ден 22.09.2025 година, под УПРК.бр.28/2025.

Записничар - судски советник
Добрила Бришкоска Арсова

Претседател на советот - Судија
Марта Телегравчиска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 3 дена по приемот на истата, преку овој суд до Вишиот управен суд.

Решението да се достави на:
- тужителот, преку полномошници Борис Ношпал и Тони Менкиноски, адвокати од Адвокатско друштво ”МЕНКИНОСКИ” Скопје,
- тужениот орган

Претседател на советот - Судија
Марта Телегравчиска

Судски службеник

ВТ/